ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Мајка Тереза 17, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: (02) 3226 923, 3224 917, факс: (02) 3119 227

www.itm.org.mk

INSTITUTI PËR MJEKËSI TË TRANSFUZIONIT
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Nënë Tereze 17, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
tel: (02) 3226 923, 3224 917, fax: (02) 3119 227

Јавна здравствена установа
Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија
Institucioni publik shëndetësor
Instituti për mjekësi të transfuzionit i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 03-2810/1
13. 09 2023 год./viti
Скопје / Shkup

OKK01

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина, како врвна здравствена установа во делот на снабдување со крв ги следи и проучува позитивните искуства од развиените земји и ги воведува современите технологии за **висока безбедност во прибирањето, чувањето, контролата и издавањето на крв и крвни компоненти**;

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина се стреми кон развивање и примена на **најдобрите практики за организација во делот на реализирање на крводарувањето, тестирање и процесирање на земената крв**;

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина се стреми кон обезбедување на високо **квалитетни услуги во делот на имунохематолошки иследувања на пациенти, бремени и новороденi** и во делот на **дијагностика и лекување на пациенти со тромботични и хеморагични заболувања**.

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина се стреми кон обезбедување на високо **квалитетни услуги во доменот на имуногенетика, типизација на клетки и ткива и колекционирање на хематопоетски матични клетки од периферна крв** според највисоки светски стандарди.

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина воспоставува **добра комуникација и ги почитува правата за безбедност** на дарителите и пациентите во насока на **обезбедување на сигурност, следливост и хемовигилност**.

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина учествува во спроведување на **континуирана додипломска, постдипломска и специјалистичка едукација и обука** за унапредување на квалитетот и сигурноста на трансфузиолошките услуги, во согласност со професионалните компетенции и здравствената етика.

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина го имплементира, одржува и постојано подобрува **Системот за Управување со Квалитет** во согласност со барањата на **меѓународниот стандард ISO 9001:2015**;

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина применува **процесен приод** кон создавањето и одржувањето на системот за управување со квалитет. Во врска со тоа извршува **идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите на Институтот;

- ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина се стреми да одржува **тим од висококвалификуван и мотивиран персонал**, води сметка за одржување на пријатна работна средина, при што секој вработен како извршител на услугите, е свесен за важноста на своите дејствија во однос на задоволувањето на барањата на корисниците на услуги;

- Врвното Раководство на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина периодично извршува **контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет**.

Скопје, 12.09.2023